РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr 12-3027/2
24-02-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познати подносители, на 46-та седница одржана на 12.02.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата поднесена на 07.06.2019 година од познати подносители до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3027/1 од 07.06.2019 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3027/1 од 07.06.2019 година поради промена на фактичката состојбата и назначување на нови членови на Управниот одбор на ------------------.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3027/1 од 07.06.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познати подносители со наводи за сомневање за незаконитости во назначување на членови на Управен одбор на ------------ во 2017 година и нивно запишување во Централен регистар на Република Северна Македонија.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека во меѓу време настаната е промена на фактичката состојба во М-НАВ и назначени се нови членови на Управниот одбор на ------------ е променета конкретниот случај, поради што ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И. П.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**